Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-196/12
18.08.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-196/1 од 10.02.2025 година поднесена од лицата од Скопје, со адреса на живеење на ул. , бр. , од Скопје, со адреса на живеење н ул. , бр. и од с, Кондово, со адреса на живеење на ул. , бр. , с Кондово, против на , како и против вработени во при Министерство за на Република Северна Македонија, со седиште на ул. “ ”, бр во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** сторена од страна на Министерство за на Република Северна Македонија кон лицата од Скопје, од Скопје и од с, Кондово, врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи.

**Образложение**

На 10.02.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**“) беше поднесена претставка заведена под архивски број 08-196/1 од лицата од Скопје, од Скопје и од с. Кондово, за сторена дискриминација од страна на на (во понатамошниот текст: ) како и против вработени во при Министерство за на Република Северна Македонија, врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи.

Во претставката подносителите наведуваат дека по поставувањето на новиот на започнала сериозна промена во распределбата на работните задачи и обврски во рамки на министерството, како и понижувања и ограничување на професионалниот развој на подноситгелите, вклучувајќи ја и еднаквоста на платите. Наведуваат дека во периодот од јули до октомври 2024 година во Секторот за (во понатамошниот текст: ) биле примени низа акти кои биле распоредени и со кои биле задолжени други на

кои не било во делокругот на работење постапување по истите, додека пак и други кои работеле во соодветната во чија надлежност било постапувањето по актите и кои биле на работното место, не биле ангажирани со тековните работни обврски. Според наводите неспорен бил фактот дека во периодот од јануари до јуни 2024 година подносителите искористиле право на одмор и отсуство, односно слободни денови и оствариле прекувремена работа како и сите други без да биде направена поделба во рамки на особено во однос на условите за работа и останати права од работен однос, вклучително и еднаквост на платите. Подносителите наведуваат дека г на іе бил ангажиран во реализација на активност "Заеднички акциски денови " ( во организација на реализирана во периодот од 7ми до 10ти 2024 година, односно 3 (три) дена пред реализација на оваа бил исклучен од истата.

Се наведува дека доказ за извршена дискриминација било преместувањето на од да врши работни задачи како главен аналитичар за анализа во анализа, понатаму непотпишување на доставени барања од страна на подносителите за користење на слободни денови од реализирани прекувремени работни часови како и фактот дека одредени службени белешки, барања и други акти претпоставените не ги процесуирале па биле приморани да ги поднесуваат преку главната писарница на министерството каде се поднесувале акти и од надворешни субјекти. Работните состаноци, според наведеното, биле одржувани со други од исклучувајќи ги

На 14.11.2024 година бил одржан состанок со цел надминување на недоразбирањата и подобрување на меѓучовечките односи во рамки на но без позитивен исход. Нивниот непосредно претпоставен побарал од да се достави испис за влез и излез од кругот на министерството само за за нив – од различна етничка припадност, но не и за останатите

бил исклучен од одење на службено патување поради преиспитување на неговото познавање на странски јазик – англиски. Дополнително, од бил исклучен од одење на службено патување во Франција кој бил вклучен во Проектот ИПА 3 "Поддршка при превенција земјите од Западен Балкан" претставена од Француска федерална , а кој бил номиниран како Национален координатор на Заеднички контакт центри за за што бил усно номиниран од претходниот на по барање на меѓународните организации.

Крајно подносителите наведуваат дека иако по доствени претставки до како првостепен надлежен контролен орган за утврдување на одговорност на , требало да спроведе за евентуална повреда на

човековите права и слободи и дискриминаторски третман, наместо тоа претставките од страна на биле препратени на належно постапување на нивниот непосредно претпоставен за да одговори сам на себе. Како резултат на сето наведено констатираат дека биле ставени во нееднаква положба со останатите вработени во министерството.

<u>Кон претставката беа приложени следните докази:</u>

- Барање за заштита од вознемирување на работно место бр. 08-133313 од 25.11.2024 година,
- Барање за користење слободни денови од реализирани прекувремени работни часови,
- Барање за одобрување инсталација на софтвер за персонални компјутери,
- за прераспоредување бр. 23.6-88647/1 од 20.08.2024 година, известување в.в предлог за распоредување бр. 23.6-605/2 од 29.01.2025 година,
- Сертификати и
- Службени белешки бр. 23.5.1-915 од 31.10.2024 година и бр. 23.5.1-1044 од 15.11.2024 година.

На 19.02.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави Барање бр. 08-196/2 за произнесување по наводи во претставка до при Министерство за и Барање бр. 08-196/3 за произнесување по наводи во претставка до (во понатамошниот текст: на кои во законски предвидениот рок не беше доставено произнесување, па следствено Комисијата на 21.03.2025 година се обрати до и до со Ургенции бр. 08-196/4 и 08-196/5 заради прибавување на потребното произнесување.

На 04.04.2025 година до Комисијата доставен е Одговор Рег.бр. 14.1.1-615/6 од 28.03.2025 година на во кој се наведува хронологија на поднесени претставки од страна на подносителите до овој , наведувајќи дека на 28.10.2024 година до била поднесена претставка од која во согласност со член 6, став 1 од Правилникот за вршење на работите во на со посебен акт била препратена на надлежност и постапување на за што до подносителот бил доставен одговор. По извршени проверки и констатирана состојба по однос на претставката од страна на о бил доставен одговор во кој било наведено дека наводите во претставката во целост се отфрлале како неосновани и невистинити, а за ова исто така до подносителот бил доставен и одговор. Оваа претставка била против лицето – на при која на 04.11.2024 година му кажа на лицето дека бил избришан од список за службено патување односно студиска посета на Франција организирана од за што имал добиено согланост од министерот за . Ова било согласно добиени насоки од страна на на кој бил оправдано отсутен. Во одговорот од пак наведено било дека за ова службено патување работникот добил согласност од министерот во август 2024 година додека бил на работно место –

и дека заради оваа позиција бил номиниран, но дека на 13.09.2024 година бил прераспределен на друго работно место.

Понатаму, на 28.10.2024 година до била поднесена претставка од – која во согласност со член 6, став 1 од Правилникот за вршење на работите во на со посебен акт била препратена на надлежност и постапување на за што до подносителот бил доставен одговор. По извршени проверки и констатирана состојба по однос на претставката од страна на до бил доставен одговор во кој било наведено дека наводите во претставката во целост се отфрлале како неосновани и невистинити, а за ова исто така до подносителот бил доставен и одговор. Оваа претставка била поднесена против – која по насоки на на го известила подносителот дека бил исклучен од активност "Заеднички акциски денови за што бил доставен примерок од потпишан план за реализација на наведената активност од кој јасно се гледало дека работникот бил потпишан на планот што значело дека бил дел од овластените лица на кои учествувале во планот за реализација.

Во одговорт понатаму е наведено дека на 29.10.2024 година до била поднесена претставка од – која повторно во согласност со член 6, став 1 од Правилникот за вршење на работите во на со посебен акт била препратена на надлежност и постапување на за што до подносителот бил доставен одговор. По извршени проверки и констатирана состојба по однос на претставката од страна на до бил доставен одговор во кој било наведено дека наводите во претставката во целост се отфрлале како неосновани и невистинити, а за ова исто така до подносителот бил доставен и одговор. Оваа претставка била поднесена против на во однос на раководењето од ангажирањето о конкретни настани од делокруг на работење, односно исклучување на подносителот од тековни активности, па во продолжение на одговорот е наведеден опис на работното место и работните задачи на на Во однос на наводите дека д е спровеле независна истрага, во одговорот се наведува дека можел да задолжи раководител на надлежна организациона единица на министерството за преземе соодветни мерки и активности во рамки на надлежностите заради утврдување на случаи на незаконито, непрофесионално или некоректно работење. Крајно се наведува дека подносителите во период од 01.07.2024 година во релативно подолг период биле отсутни од работа по различни основи.

На 05.05.2025 година до Комисијата е доставен Допис Рег.бр. 23.5-47410/2 од 28.04.2025 година од кон кој приложено е доставен Одговор Рег. Бр. 23.5-47410/1 од 28.04.2025 година на во кој е наведено дека на од оправдани причини подолго време е отсутен од работното место поради што не е во можност да се произнесе по наводите во претставката.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Заради наведеното приложено е доставен акт бр. 23.5-4556/2 од 22.11.2024 година изготвен од помошник директорот, а доставен до

На 12.05.2025 година Комисијата достави Барање бр. 08-196/8 за вршење на увид и остварување на службен разговор со во при и, за што е сочинет Записник заведен под број 08-196/9 од 28.05.2025 година. Врз основа на остварениот службен разговор со именуваниот, во Записникот е констатирано дека не го негира ниту потврдува постапувањето на со кое од албанска националност во и не се задолжувале со акти од негова страна, но не изложи доказ дека подносителите на претставката се задолжени со акти за или други активности од областа на нивно работење. Истакна дека постои евиденција во интерната книга од каде може да се заклучи дали биле запознаени со тековни работни процеси. Наведува дека сите вработени остварувале прекувремени работни часови за што посочи на соодветна евиденција. Во врска со можноста за ангажирање на работа, координација и контролно – стручен надзор на работата на и – Скопје само на одредени од страна на без да има координација со на секторите и единиците, не понуди соодветен и адекватен одговор кој може да прави веројатно дека наводите и тврдењата на подносителите на претставката се неточни, туку наведе дека и од страна на други лица кои претходно биле биле давани наредби и задолженија без координација со нивните претпоставени раководни , но во зависност од потребата, итноста и моменталната достапност на работното место. Во однос на исклучувањето на од активност три дена пред почетокот на истата, посочи дека на планот немало потпис од директорот на што било клучно за негова вклученост, додека на страна на на позитивна намера за негово учество во истата. Во однос на тоа дали работните состаноци биле одржувани само со од македонска националност, наведе дека ваквите состаноци биле тековни дневни состаноци за поделба на задачи и реализирање на активности, за истите не се воделе записници ниту се праќале покани однапред, бидејќи биле од неформален карактер, и се реализирале согласно тековните активности. На нив присуствувале потребните лица во зависност од нивната моментална достапност и присутност во одделот. Именуваниот не беше во можност да потврди дека од албанска националност и подносителите на претставката биле повикувани и присутни на такви состаноци, но истакна дека можело да се разговара со други вработени кои преку изјави би можеле да изнесат околности во врска со присуствата на овие работни состаноци. Крајно, важно за фактичката состојба, а во врска со исклучувањето на од службено патување во Франција за проект во соработка со наведе дека главната причина за ова не е неговата етничка припадност туку разрешувањето на именуваниот од позицијата и поведената дисциплинска постапка која се водела во тој период против него.

На 20.06.2025 година од страна на подносителите на претставката, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставено е дополнување на поднесената претставка заведено под број 08-196/10 во кое подносителите истакнуваат суштинска околност дека дискриминацијата на која биле изложени не претставува изолиран или инцидентен акт од страна на поединец, туку наоѓаат дека била резултат на инситуционална практика. Дискриминаторските дејствија не биле ограничени само на постапувањето на конкретниот раководител на туку се манифестирале "низ синџир на институционални одлуки и пропусти на повеќе управувачки нивоа." Ваквите постапки вклучувале прераспределба на работни задачи на одредени , нивно исклучување од клучни активности и меѓународни , игнорирање на службени барања кои останувале неодговорени со месеци, како и иницирање на дисциплински и организациски мерки. Заради ова подносителите бараат, помеѓуостанатото Комисијата да утврди постоење на институционална дискриминација, да ја земе предвид не само индивидуалната туку и институционалната природа на одговорноста, да наложи воспоставување на ефективни и транспарентни механизми за евидентирање, известување и санкционирање на дискриминаторкси практики во рамки на министерството.

На 02.07.2025 година до Комисијата доставено е Известување Рег. Бр. 23.5-67305/1 од 18.06.2025 година на кон кое е доставено Известување Рег. Бр. 23.5-67305/2 од 18.06.2025 година на во врска со остварени прекувремени работни часови. Кон дописот како доказ приложени се повеќе службени белешки и извадоци од Интерна доставна книга, во фотокопие.

Врз основа на наводите во претставката, произнесувањата по истата и прибавениот доказен материјал Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: подносителите на претставката од Скопје, од Скопје и од с, Кондово се вработени во Министерство за во повеќе наврати од страна на претпоставените не биле известени за доделување на работни задачи на на кои им се претпоставени, а и на нив во повеќе наврати не им биле доделувани работни задачи кои се од делокругот на нивното работење. Воедно присуство на двајца од нив било исклучено и од меѓународни во кои било предвидено да учествуваат. На именуваните им биле пресметани прекувремени работни часови, но и тројцата во подолг временски период биле и отсутни од нивните работни места врз различни основи. За нивната вклученост, односно исклученост од работни состаноци, доделување на работни задачи и учество, односно неучество на низа настани недостасуваат соодветни официјални докази.

Со оглед на сето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај е сторена индиректна дискриминација врз лицата од Скопје, од Скопје и од с, Кондово врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за онака како е опишана во член 8, став 2 од Закон за спречување и заштита од диркиминација според кој "*Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.“*

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето па во согласност со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, ги донесе следните:

## ПРЕПОРАКИ

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за интерни акти да воспостави јасни внатрешни процедури со кои ќе го уреди рапределувањето на работните задачи на вработените во организационите единици на министерството и да предвиди начин за уредно евидентирање на присуствата на работни состаноци на кои се организира и координира нивната работна активност **и за истото писмено да ја извести Комисијата во рок од 60 дена од денот на приемот на ова мислење.**

Доколку Министерството за не постапи во согласност со дадените препораки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
15.08.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- д Скопје со адреса на живеење на ул.
- Скопје со адреса на живеење н ул.
- од с, Кондово со адреса на живеење на ул.
- Министерство за
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk